**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

**СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ**

## 1. ОПШТО

1.1. Акционерското друштво е основано 1972 година. Основни дејност на друштвото е организирање игри на среќа и забавни игри на автомати. Дополнителна дејност на друштвото се продажба на трговски стоки.

1.2. На ден 31.12.2011 година бројот на вработените во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје изнесуваше 15 лица.

1.3. Седиштето на друштвото е на ул. “Маршал Тито” бр. 11а, Скопје.

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје се изготвени во согласност со законските прописи во Република Македонија, со извесни рекласификации заради усогласување со барањата за известување согласно Меѓународните Сметководствени Стандарди и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување применливи во Р.Македонија.

Финансиските извештаи се изготвени со употреба на концептот на набавна цена.

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет, односно дека друштвото ќе продолжи со своето работење во некое непредвидено време.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, ако не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи за 2011 година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Политика на евидентирање на приходот

Реализацијата за 2011 година се остварува со приредување на игри на среќа на автомати. Освен од игри на среќа реализација се остварува од трговија и издавање на објекти под закуп. Истата се признава во моментот на настанувањето на реализацијата.

### 3.2. Материјални вложувања

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на основните средства се состои од фактурната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Позитивната разлика настаната при продажба на основни средства се книжи во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотпишаната вредност на отуѓените и расходувани основни средства се книжи на товар на останатите расходи.

Набавната или ревалоризирана вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Амортизацијата не се пресметува на земјиште, инвестиции во тек, уметнички слики и за средствата за кои е донесена одлука да се стават вон употреба.

Пропишаните стапки на амортизацијата за основните средства што ги поседува ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД - Скопје се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 1 - 10% |
| Опрема | 8 - 20% |
| Транспортни средства | 16% |
| Лиценци за автомати | 16,67% |
| Нематријални права | 20 - 50% |

### 3.3. Нематеријални права

Нематеријалните права се евидентираат по нивната набавна вредност, додека лиценците се евидентираат по вредноста на добиените лиценци за постојано приредување на општи и посебни игри на среќа добиени од Владата на Република Македонија.

Нематеријалните права и лиценци се амортизираат со употреба на пропорционалната метода. Лиценци се амортизираат од денот на нивното стекнување.

### 3.4. Залихи

Залихите се искажуваат по набавна вредност, со остварување на разлика во цени при нивна продажба.

Ситниот инвентар се отпишува во целост при ставањето во употреба.

### 3.5. Побарувања од купувачите

Побарувањата од купувачите се проценуваат по номинална вредност намалени за лоши и несигурни побарувања. Исправката на вредноста на побарувањата од купувачите, се прави врз основа на проценка на раководството на друштвото за наплативост на побарувањето.

### 3.6. Приходи од продажба

Приходите од продажба се признаваат кога е очекувано дека идни економски користи ќе притечат во претпријатието и кога овие користи можат да бидат реално измерени. Приходите од продажба, се искажува по фактурна вредност.

### 3.7. Долгорочни вложувања

Долгорочните вложувања вклучуваат вложувања во удели, акции во банки и други друштва.

Почетните вложувања се евидентираат по набавна вредност, вклучувајќи ги и сите трансакциони трошоци. Последователно, вложувања расположливи за продажба, се мерат според објективната вредност определена од пазарната цена на истите на датумот на Билансот на состојба.

Промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се евидентираат во рамките на капиталот на позицијата останати резерви. Кога на овие вложувања ќе настане обезвреднување заради нивната пазарна вредност, а ова е резултат на подолгорочна и значителна состојба на истите, овие обезвреднувања се евидентираат во рамките на Билансот на успех на позицијата вредносно усогласување на нетековни средства. Хартии од вредност расположливи за продажба, што немаат пазарна цена се водат по набавна вредност.

### 3.8. Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска и девизна благајна, парични средства на жиро - сметката во деловните банки и девизни сметки во банки.

### 3.9. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Македонија на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата и обврските од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од финансиските приходи или расходи.

### 3.10. Даноци од добивка

Основица за пресметка на данок од добивката преставуваат даночно непризнаени расходи утврдени според одредбите од Законот за данок од добивка. Стапката на данокот од добивка во Република Македонија изнесува 10%.